Сузана СИМОНОВСКА

# ХУМАНИСТИЧКАТА МИСЛА И ДУХОТ НА ВРЕМЕТО

Дали сме дојдени во таква историска состојба во која човекот е застарен, а духовноста повеќе не е посакувана вредност и идеал на човечката егзистенција? Ако Ниче во 19 век изјави дека Бог е мртов, Фром во овој 20 век, век на техниката го поставува прашањето дали човекот е мртов, а при тоа мисли на заканата од духовната смрт на човекот.

Ваквите размисли се повод ова излагање да биде посветено токму на односот помеѓу хуманистичката мисла и времето во кое живееме, однос кој ќе биде проследен по пат на анализа на импликациите што ги предизвикува научно-технолошкиот развиток врз духовниот развиток на човекот, а целта е да се покаже дека грижата за духот на човекот и развивањето на хуманистичката мисла станува централен проблем на прагот на 21 век.

Духовноста отсекогаш била посакувана вредност, а духот на човекот не ретко се сметал како онаа компонента од структурата на човековото битие која го определува човекот како човек. Духот сфатен како отвореност спрема светот во кој се наоѓаат најразлични можности, како актуелност, можност за слободно извршување на своите акти, како способност со која човекот може да го одвои опстанокот од бивствувањето. А на тоа почива човековата особеност и неговата хумана специфичност.

Во историјата на човештвото постои една долга духовно-хуманистичка традиција, чии корени ги наоѓаме уште во Античката философија. Во тој период философијата се јавува како една безусловна потреба на секојдневниот живот на луѓето и начин да се спознае правата вредност на животот. „Софија" значи знаење но и мудрост и е во функција на човечкото опстојување и среќа. Човекот се сфаќа пред сѐ како „homo-sapiens" и оттука посебна грижа се води за развојот на поединецот и изострување на неговото мислење и погледи.

Ваквата хуманистичка философија својот врв го доживува во времето на ренесансата, кога повторно се воздигнуваат духовните

вредности на хуманистичко-духовната традиција. Во овој период се афирмира идејата за индивидуата како субјект на фундаментални стандарди и вредности, кои се однесуваат на оние форми на животот и општеството кои најадекватно го овозможуваат целосниот развој на индивидуалните способности, потенцијали и можности на поединецот како самосвесна и автономна личниост. Како таков тој станува цел и мерило на сите вредности.

Основата на духовната револуција на ренесансата е во барањето на ново решение на антрополошкиот проблем - се бара нова смисла на човечкиот живот и ново определување на човечката положба. Во таа борба за самоостварување и слобода, науката и техниката заземаат посебно место, стануваат средство за нивно остварување и можност за радикална еманципација од схоластичкиот традиционализам.

Со Бекон се отвора „ерата на знаењето", а девизата „знаењето е моќ" станува главен двигател во развојот на творечката мисла, истражувањето и експериментирањето. Знаењето е средство за унапредување на животот на човекот и начин човекот да стане господар на природата, на техниката, а со тоа и господар на благосостојбата.

На тој начин во Ренесансата се осветлува една нова философска слика на светот и човекот во која централен проблем е проблемот на човекот, заедно со проблемот на познанието и природата. Интересот за природата и природните науки го следи и интересот за човекот и неговата духовност. Двете подрачја секое за себе и во нивна поврзаност стануваат главна тема на науката и философијата, поттик за еден нов облик на живот, а идеалот бил да се постигне една синтеза помеѓу моќта на рационалноста од една страна и духовните вредности на хуманистичката традиција од друга.

На кој начин овие две тенденции се остваруваат во ерата на техничката цивилизација? Односно, на кој начин се остварува принципот на индивидуалноста и автономноста во бескрајниот процес на научно-техничкиот напредок? Какви импликации по човекот и неговата духовност произлегуваат од таквиот технолошкиот напредок?

Посебен белег на духот на времето во кое денес живееме му дава техниката. Во ова време на техниката и техничките изуми, таа станува важен фактор во нашиот живот и главен двигател на општествениот развиток.

„Веќе не смееме да кажеме дека во нашата историска состојба помеѓу останатото постои и техниката, туку мораме да кажеме: во состојбата на светот, наречен „техника", историјата се одигрува, односно техниката станува субјект на историјата, со која ние сме уште само „соисториски".[1]

1. G.Anders, *Zastarelost čoveka,* Nolit, Beograd, 1985, str. 9.

На прагот на 21-от век како синоними за означување на правецот на развојот на современото општеството се употребуваат изразите: „постиндустриско општество“ (Д. Бел), посткапиталистичко (П. Дарендорф), постбуржоарско (Г. Литхајм), технотроничко (З. Бржински), суперииндустриско (А. Тофлер), информатичко (Џ. Наисбит) итн. Со нив всушност се обележува новата фаза во развојот на цивилизацијата која се разликува од индустриската фаза, а тие се дефинираат во однос на природата на начинот на производство и стопанското уредување.

Во техничката ера за разлика од индустриската ера, физичкиот труд е заменет со умствен, а компјутерската технологија е она што механизацијата беше за индустриската револуција. Од своја страна таа значи и закана, бидејќи ги обединува оние функции кои порано ги вршеле работниците. Можностите на микропроцесорите се огромни а воедно и застрашчувачки. Тие се користат за усовршување на сè што постои, а автоматизацијата на претпријатијата и канцелариите, некогаш фантазија сега станува стварност. Правило и постулат на високо развиената техничка цивилизација станува: да се „направи сè што може да се направи“, и да не се остави „неприменето ништо што е применливо“.[2]

Соочени со два големи предизвика - со технологијата и со човечките потенцијали, на човештвото му се отвора бескраен простор за развивање на своите умствените потенцијали. Несомнено е дека унапредувањето на современата технологијата значи и унапредување на умствените способности. Техничкиот развиток од своја страна значи умствен развиток, развиток на интелектот, односно на техничкиот разум. Техничкиот разум станува основа на модерната наука и техниката кои во процесот на својот развиток сраснуваат и се стопуваат. Техниката суштински и припаѓа на модерната наука и во таа смисла науката претставува единство на теоретското истражување и техниката. Ваквата технонаука се става во служба на техничкиот напредок и претставува клучен фактор и движечка сила во развојот на производството.

Меѓу авторите кои укажуваат дека „интелектуалната технологија“, односно знаењето, а не сопственоста над материјалните добра ќе претставува основа на општествена моќ се: Даниел Бел во делата „*Крај на идеологијата*“ (1960) и „*Доаѓањето на постиндустриското општество*“ (1974), А. Турен во „*Постиндустриското општество*“ (1983), Џ. Наисбит во „*Мегатрендови*“ (1985), А. Тофлер во „*Третиот бран*“ (1983) и др. Така на пример Џ. Наисбит ја развива „теоријата за вредноста на знаењето“ според која знаењето, а не трудот, ја зголе-

2. Исто, стр. 18.

мува вредноста, умеењето станува извор на богатството, а силата на умот станува поважна од капиталот: „Создавачката сила на знаењето веќе станува клучен фактор на продуктивноста, конкурентноста и економскиот успех“.[3] Се продава стручното знаење, знаењето на раководството, така што во овој стадиум на високо развиените општества се врши преориентирање од производните кон интелектуалните дејности.

Може да се заклучи дека Бекеновата девиза „знаењето е моќ“ е отелотворена во системот на функционирање на високо развиените современи општества. Човекот создава нова наука, станува свесен за сопствената сила, за моќта на својот ум и способноста да загосподари со природата и да го трансформира материјалниот свет. Остварен е идеалот на Ренесансата за развивање на интелектуалната, рационалната моќ. Но што е со идеалот човекот да се рализира себе си како самосвоен субјект кој ќе ги развива своите потенцијали, иманентни вредности и способности? Што е со идеалот дека индивидуата како рационално битие ќе биде способна да ги најде тие форми со сопствено размислување? Што е со задачата на општеството да и дозволи неа таква слобода на мислата и да и овозможи да го следи сопствениот интерес, интерес кој е рационален, но постојано воден и контролиран од автономното мислење?

Во движењето на научно-техничкиот развиток постепено се поткопува таа индивидуалистичката рационалност. Нова рационалност и нови стандарди на индивидуалноста, се шират над општеството, а кои се спротивни на духовно-хуманистичката традиција. Строгото рационализирање на работата го определува индивидуалното однесување, а индивидуалните разлики во способностите, знаењата и изразувањата се претвораат во различен број вештини и обучувања. Така на пр. ефикасноста се претставува како исполнување на индивидуата, како развој на индивидуалноста низ работата, а индивидуалните способности се преобразуваат во стандаризирана ефикасност. Индивидуалното достигнување се мотивира од стандарди кои се однесуваат на однапред определени задачи и функции. При тоа се губи моќта да се апстрахира од специјалните форми во кои се спроведува таа рационализација и се гуши секое сомнение кон постојните стандарди. Целокупната активност на индивидуата се сведува на спонтани реакции кон пропишаните норми и претходно дадените цели и задачи во која нема простор за автономно дејствување и слобода на мислата.

Маркузе укажува дека на ваков начин индивидуалистичката рационалност се трансформира во технолошка рационалност, како резултат на високата механизација и рационализација: „Работните,

3. J. Naisbitt, *Megatrendovi*, Globus, Zagreb, 1985, str. 83.

техничките, индивидуалните потреби и природата се вклопени во една рационалност и експедитивен механизам. Најдобро ќе постапува тој кој ќе ги следи неговите насоки..."[4] Суштествено е што тоа губење на индивидуалноста на индивидуата, не се одвива по пат на надворешна сила туку „по диктат на сопствениот разум".[5] Тоа се постигнува со рационално воспоставување на стандардни судови и негување на ставови кои единката ја прават подготвена да ги прифати диктатите на апаратот. Индивидуалниот протест и слободниот став не се невозможни, туку тие стануваат ирационални во така рационализираниот општествен апарат, кој успева мислите, чувствата и активностите на индивидуата да ги обликува според техничките барања на апаратот. К. Косик пак, во поистоветувањето на техничкиот разум со разумот воопшто, ја гледа опасноста што се заканува со развивање на еден „систем на сеопшта манипулација, како битна карактеристика на XX век... систем на сеопшта продајност, размена, утилитарност и отуѓување",[6] кој се остварува и практикува на формално демократски начин, рафинирано и многу помалку „упадливо и шокантно".

На овој начин индивидуалната автономија се сублимира во техничка автономија, се остварува технократска доминација која е суптилна и рационализирана. Тоа резултира со воспоставување на тоталитаризам и ширење на конформизам. Ваквото дејствување врз свеста на поединецот се остварува во сите сфери на општеството - производството, потрошувачката, школството, најразлични здруженија, како и во сите области на одмор и рекреација.

Процесот на трансформирање на индивидуалистичката во техничка рационалност исходува со осиромашување на духот на човекот. Развивајќи ги своите умствени потенцијали, духот се сведува на интелект, технички ум, кој поприма инструментална функција и се ориентира кон познанието на разни предмети и нивните взаемни врски и односи. Стварноста се претвора во објект на егзактно истражување и совладување, човекот се подредува на предметите и нивната техничка логика, вистината се редуцира на точност или корисност. Модерната наука е стручност и само како таква може да биде ефикасна и успешна, а модерните научници се специјалисти кои беспрекорно и ефикасно ја вршат својата дејност, а при тоа немаат јасна свест за смислата на науката и за сопствената состојба во која се наоѓаат. Последица на ваквото техничкото распоредување на стварноста е појавата и превласта на рамнодушноста, индиферент-

4. H. Markuse, "Some Social Implikation of Modern Technology" in: *The Essential School Reader, Continuum*, New York, 1987, str. 143.

5. Исто, стр. 143.

6. K. Kosik, *Dijalektika krize*, NIP Mladost, Beograd, 1983, str. 50.

носта, лажната свест во претставата на луѓето за себе и светот, намалената способност за разликување на вистината од лагата.

Науката ја губи човечката мера, а човекот како да ги загубил своите „духовни корени“. „Софија“ значеше знаење но и мудрост да се постигне еден позитивен човечки живот. Духот редуциран на технички разум го симболизира егзактното знаење, умеењето, но не и мудроста да се разбере стварноста и да се најде смислата на човековото постоење. Човекот станува „роб на својот ум“ и своето усовршување, а како последица на тоа останува без мисла, без идеи, убедувања и сопствени ставови и затоа независно од образованието тој се остварува себе си како редуцирано битие:

„... Макар што луѓето добиваат повеќе образование, тие имаат сè помалку разум, судови и убедувања. Во најдобар случај се подобрува нивната интелегенција, но нивниот разум - т.е. нивната моќ да продрат низ површината и да ги сфатат силите што лежат во основата на индивидуалниот и општествениот живот - сè повеќе осиромашува.“[7]

Може да се заклучи дека техничкиот развиток сам по себе не значи и духовен развиток, духовно богатство. Духот се сведува на технички разум, интелект, развојот на техничкиот разум е во служба на развојот на науката и техниката, а науката и техниката пак се во служба на бескрајниот процес на усовршување, во кој процес се добива смисла и вредност само од гледна точка на создавање на материјални добра и повисок животен стандард. На таков начин се создава материјалистичка култура, која пак е во функција на технолошката рационалност и е насочена кон манипулација со луѓето. Во неа се профилира човекот како потрошувач, индивидуата се претопува во безлична маса, материјално богата, но духовно сиромашна. Луѓето го живеат животот сè помалку размислувајќи за него. Како да е изгубен вечниот парадокс на човековото битие: да биде она што е и да мечтае по она што не е. Познати се Сартровите зборови: „Човекот не е она што е, човекот е она што не е“. Ја нема мечтата, човекот се сведува на она што е, се идентификува со имањето. Како да ја нема способноста која е една од основните карактеристики на духот, да се одвои постоењето од бивствувањето и да се трансцендира постоечката состојба.

Во овој контекст Г. Андерс говори за „застареност“ на човекот, а синонимот „застареност“ го употребува со цел да ја потенцира состојбата на светот во која се наоѓа човекот денес, во која човекот иако чекори напред кон космички величини тој заостанува, неговиот дух „застарува“, а поимот „човек“ останува само име како доказ за неговото постоење.[8] Маркузе таквиот човек го нарекува „еднодимен-

7. Е. Фром, *За непослушноста и други есеи*, Комунист, Скопје, 1989, стр. 65.

8. Види: G. Anders, *Zastarelost coveka*, cit. delo

зионален“, Фром говори за губењето на способноста на човекот да биде „непослушен“ кон сите авторитети што се обидуваат да ги затаjат неговите мисли, способност на која почива неговиот духовниот и интелектуален развиток.[9] Е. Морин[10], пак, укажува на кризата на современиот дух и опасноста од интелектуалната тромост која може да доведе до целосно губење на идентитетот на човекот.

Тоа е противречноста на XX век, кој, од една страна, е век на науката и техниката, а, од друга страна, во западната култура како култура на материјалната благосостојба се афирмира човекот како homo-consumens, спротивно на Античките сфаќања за човекот како homo-sapiens, спротивно на Ренесансниот идеал дека човекот како рационално битие ќе му остане верен на својот разум, на своите убедувања и идеали, за да може да ја сочува слободата на мислата.

Соочени сме со дилемите што со себе ги носи денешната цивилизација, во која владее посебна техника на манипулирање и интелектуална тромост, во која доминира една „мрзливост на духот, уништување на идеалите, пласирање на лажни вредности, комерцијализам“[11], а што е во расчекор со иманентната човекова потреба да се биде, да се трае, да се продолжи времето на животот.

Оттука се јавува потреба за посветување на посебна грижа на развојот на духот на поединецот, неговата индивидуалност и автономија, за да може индивидуата да се остварува како целосно битие. Во духот на европската философска мисла, следејќи го Декартовото начело за ослободување од предрасудите кои не одвраќаат од познанието на вистината, ќе го најдеме патот кој води кон критичко освестување и индивидуалистички активизам, кој подразбира постојано пробивање на системот од идеи и вредности кои му се наметнуваат и пронаоѓање на такви идеали кои ќе бидат во склад со нашиот рационален интерес. На таков начин на индивидуата и се отвораат можности да се реализира себе си како човечко битие и при тоа смислата на животот нема да ја наоѓа во конформистичкото реагирање и адаптирање, туку во барањето на можноста да се промени самиот себе си и светот во којшто живее.

Тоа е всушност стариот хуманистички повик, на кој денес треба повторно да се огласиме со цел да се возобноват духовните вреднос-

9. „Неговиот духовен развиток беше можен само затоа што постоеја луѓе кои се осмелуваа, во името на својата совест и верба, да им кажат „не“ на моќниците, а и неговиот интелектуален развиток исто така беше условен од способноста да се биде непослушен-непослушен кон авторитетите што се обидуваа да ги затајат новите мисли и кон авторитетите на старите сфаќања што промената ја прогласуваа за бесмислица“, Е. Фром, *За непослушноста и други есеи*, цит. дело, стр. 8.

10. E. Morin, *Kako izići i XX stoljeća*, Globus, Zagreb, 1981.

11. E. Moren, *Duh vremena, I,* Beograd, 1979, str. 8.

ти на хуманистичката традиција. Актуализирањето на хуманистичката мисла е начин да се надвладее техно-економскиот поглед во поимањето на модерниот човек, кој се темели на еднодимензионалното, редуцирано сфаќање на човекот како homo-faber и homo-consumens, а кое произлегува од самата техно-економска цивилизација. Техно-економската мисла подредена на техно-економската логика го зафаќа квантитативниот вид на техничката стварност, но останува слепа за полидимензионалноста на антропосоцијалната стварност. Слепа е за стварноста на индивидуата, за нејзината свест, субјективност, слепа е за мудроста, за припадноста на космосот.

Тесно специјализираното и насочено образование, во кое владее позитивистичкиот дух од своја страна го потмогнува овој процес на двојството на човековото битие со што се осакатува моќта на автономното мислење и развојот на критичките судови и сопствени убедувања. Знаењето се претвара во збир на информации, а учениците, студентите во интелегентни набљудувачи, во индивидуи без индивидуалност. Со тоа се зголемува јазот меѓу интелектуалните дострели и духовната заостанатост. Затоа од посебно значење е философско-хуманистичкото образование да се интегрира во образовниот процес, а во философијата да се најде духовната ориентација и можноста за хуман развиток на поединците.

Се налага потреба од промена во образованието, науката, начинот на живот, промена кон автентичност, автономност, креативност, творештвото, потреба од остварување на хуманистичките идеали а сето тоа со цел да се спречи „смртта на човекот“.

ЛИТЕРАТУРА


1. Anders, G., *Zastarelost čoveka*, Nolit, Beograd, 1985.
2. Фром, Е., *За непослушноста и други есеи*, Комунист, Скопје, 1989.
3. Kosik, K., *Dijalektika krize*, NIP Mladost, Beograd, 1983.
4. Naisbitt, J., *Megatrendovi*, Globus, Zagreb, 1985.
5. Markuse, H., “Some Social Implikation of Modern Teshnology” in: *The Essential School Reader, Sontinuum,* New York, 1987.
6. Morin, E., *Kako izići iz XX stoljeća*, Globus, Zagreb, 1981.
7. Moren, E., *Duh vremena*, i, Beograd, 1979.

Suzana SIMONOVSKA

## HUMANISTIC IDEA AND SPIRIT OF EPOCH

(Summary)

This paper is to point on the status of humanistic idea in the XX century - the century of science and technique. Analysis of implications of progress in science & technique shows increasing of the cleavages between current advanced level of intellectual development and spiritual backwardness. This phenomenon results with one-dimensional, reduced understanding and interpreation of humans as homo-faber and homo-consumens. Emphasizing humanistic idea and renewing spiritual values in term of humanistic tradition, it opens way toward human development of individuals as inclination to meet its human essence. In addition, it impose greater attention ond spirit development of individual and need of establishing philosophical humanistic approach in educational process, as well.